# Уводни стихови





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 5 октомври 2024*

Еден поет ги запишал следните зборови:

*Боже мој, кон Тебе ми е свртено срцето!*
*Во Тебе наоѓам надеж во животот.*
*Ќе им ги објавувам Твоите свети вистини на другите,*
*И љубовта Твоја на целото човештво.*

Колку пати сме прочитале, сме чуле или сме кажале слични зборови – зборови кои одекнуваат со надеж и вера. Но, дали е така и кога ќе дојде време на неволји и проблеми. Дали тогаш нашата вера е силна? Дали нашите зборови тогаш искажуваат надеж? Дали се исполнети со вера?

Првиот министер Аман сакал сите да му се поклонуваат. Барал секогаш да биде во центарот на вниманието. Впрочем, бил највисокиот чиновник во Персија, втор по царот Ксеркс.

Мардохеј не сакал да му се поклони кога минувал и тоа многу го налутило. Кога дознал дека Мардохеј е Евреин, решил да се одмазди, но не само нему, туку и на целиот негов народ. Планирал масовно истребување, а за Мардохеевото погубување подигнал посебен подиум. Меѓутоа, Естира, внуката на Мардохеј и посвоена ќерка, станала царица, па достоинствено и храбро излегла пред царот Ксеркс и го известила за тоа што му се подготвува и заканува на нејзиниот народ. Потоа Аман го изгубил животот на бесилка што самиот ја подигнал за Мардохеја. Овој настан е запишан во Книгата за Естира.

Луѓето постојано подготвуваат стапици за Божјиот народ (6. стих), но често самите паѓаат во нив. Тие можат да прават заговор против праведните, но злото што наумиле да го сторат, на крајот ги стасува нив (Мудри изреки 26,27). Понекогаш тоа го забележуваме во својот живот, но и да не се случи тоа, да бидеме сигурни дека на крајот сепак ќе се оствари. Затоа не е потребно да се грижиме што во овој живот нема секогаш правда.

Наместо тоа, да настојуваме со добро да го совладаме злото, што е во согласност со заповедта што Господ ни ја дал - „и никому не враќајте зло за зло, а размислувајте за тоа што е добро пред сите луѓе. Ако е можно, доколку тоа зависи од вас, бидете во мир со сите луѓе. Не одмаздувајте се, возљубени, за себе, туку дајте му место на Божјиот гнев. Зашто е напишано: 'Одмаздата е Моја, Јас ќе отплатувам - вели Господ'. И така, ако непријателот твој е гладен, нахрани го; ако е жеден, напој го; зашто, правејќи го тоа, ти ќе му натрупаш жар на главата негова. Не допуштај злото да те победи, туку победи го злото со добро" (Римјаните 12,17–21).

Посланието до Римјаните апостол Павле го напишал додека бил на слобода, сакајќи Црквата во Рим да расте и да напредува. Меѓутоа, за време на неговото заробеништво во Рим, неговите зборови и пораки имале поголемо влијание отколку порано: Да ги послушаме зборовите на сестра Елена Вајт во книгата Делата на апостолите на страна 316: „И така апостолот, иако привидно изолиран од активната работа, всушност вршел пошироко и подалекусежно влијание отколку поранешните години кога можел слободно да ги посетува црквите. Како 'затвореник во Христа', тој чувствата и љубовта на своите браќа ги врзал за себе уште поцврсто, а неговите зборови напишани на оној кој бил во окови заради Христа, привлекувале големо внимание и почит отколку сам да бил меѓу нив".

Ова се само два примера кои покажуваат како Бог неволјите и проблемите низ кои минува неговиот народ ги пресвртува во благослов.

Затоа да бидеме подготвени и во неволјите да ја искажеме својата вера и надеж како поетот чии зборови повторно ќе ги прочитаме:

*Боже мој, кон Тебе ми е свртено срцето!*
*Во Тебе наоѓам надеж во животот.*
*Ќе им ги објавувам Твоите свети вистини на другите,*
*И љубовта Твоја на целото човештво.*

*Сабота, 12 октомври 2024*

Кога Давид конечно седнал на престолот, пред себе имал многу работа. Непријателите од сите страни откинувале делови од израелската територија. Саул на запад се обидел да се бори со Филистејците, но бил премногу зафатен со Давид. Всушност, Саул ќе загине во битка со Филистејците, а во меѓувреме Израелците се изложени на напади од Моавците, Аморејците и Едомците. Кога дошол на престолот, Давид бргу ги собрал силите и тргнал против напријателите на Израел, остварувајќи победи на сите страни.

Дали Давид бил посебно надарен војсководец? Можеби. Меѓутоа, тој имал уште една тајна што ја открил во 60-от псалм (прочитајте го пред црквата Псалм 60 доколку сметате дека тоа е потребно). Кога Израел постапувал според Божјата волја, сè се развивало како што треба, но кога народот се вртел од Бога, приликите се влошувале. Овој псалм претставува народно признавање. Не го споменува Саула, но изгледа зборува за тешкотиите што ја снашле земјата за време на неговото владеење, кога ја презрел и ја отфрлил Божјата волја. Сега војската повторно победувала. Очигледно е дека Бог повторно им помогнал.

Последниот стих на овој псалм е едновремено и заклучок на песната-молитва за Божјата помош и сила:

**„Во Господа сме силни. Тој ги гази непријателите наши."**

Сепак, бидете внимателни кога размислувате за тоа. Среќата не значи секогаш да живеете како што треба, ниту несреќата значи дека грешите. Тоа го потврдуваат други делови на Библијата како што е Книгата за Јов и многу други псалми.

Ние мора да знаеме дека гревот на крајот го плаќаме и дека чесен живот според Божјите заповеди ќе донесат благослови, иако можеби нема да ги уживаме сите тие благослов пред вечноста.

*Сабота, 19 октомври 2024*

Додека ги прелиставате страниците на Книгата Проповедник, ви се чини како да ги слушате воздишките на писателот кој себеси се нарекува „Проповедник". Тој имал сѐ: пари, успех, мудрост и слава. Но сѐ уште не бил целосно задоволен. Сето тоа се покажало како безначајно и празно, „трчање по ветар".

Зборовите преведени со изразот „сует" или „мака на духот" (сонување) во еврејскиот има значење „здив". Сите наши земски потфати се како „здив".

Овој збор го сретнуваме и во Псалм 62,9. со истото основно значење - „Синовите човечки се само суета, синовите човечки се лага... кога би ги ставиле на мерило, тие сите заедно би биле полесни од здив." Луѓето постојано ги интересира кој е богат а кој сиромашен, кој е славен а кој обичен човек. Меѓутоа, од Божја перспектива, човекот е само „здив" (ништо). Сето негово богатство, слава и моќ не придонесуваат ни најмалку за неговата лична вредност кога станува збор за вечните поими. Наместо тоа Бог од нас очекува да се надеваме во (8. стих) и да живееме живот во согласност со Неговата волја (11. стих).

Не вложувајте во „здив" (ништожност), наместо тоа „надевај се во Него во секое време" (8. стих) и ќе ја пожнеете вечната награда која има безмерна вредност.

Често за време на работните денови и несвесно го вложуваме својот труд, својата сила и сѐ она што сме - во „ништожност".

Времето кое денес ќе го поминеме заедно во прославување на нашиот Господ е вложување во вечноста. Затоа Го прославуваме со целото свое срце, со целата своја душа и со сите свои мисли.

*Сабота, 26 октомври 2024*

Тукушто тргнала до кладенецот по вода и го сретнала Човекот кој го променил нејзиниот живот. Зборувал за тоа дека ќе ѝ даде „жива вода“ и дека во целост му е познат нејзиниот живот во кој имала пет мажи, но тоа не го спречило да разговара со неа. Зборувал за тоа дека треба на Бога да му се поклонуваме во дух и вистина, наспроти извршувањето на обредите. Зборувал за Бога, за живиот Бог со кого сакал да ја запознае. Несомнено е дека бил пророк, но дали е тој оној Ветениот? – размислувала таа.

Исус ѝ рекол дека е навистина ветениот Месија. Кога го слушнала тоа, Самарјанката побрзала да им јави на другите. „Дојдете да го видите човекот кој ми кажа сѐ што сум направила“, извикнувала. „Да не е можеби Месија?”

Несомнено е дека жителите на овој град ја познавале оваа жена; некои ја презирале поради лошиот глас што ја следел. Зошто тогаш побрзале кај кладенецот да го видат Исуса? Можеби на неа веќе виделе промена. Месија? - морале да видат за тоа што им го кажувала таа – и мнозина меѓу нив исто така поверувале во Христа (Јован 4).

Завршувајќи го 66-от псалм, поетот всушност ги повторува скоро истите зборови: „Дојдете, слушнете... јас ќе ви кажам што ѝ направи на мојата душа!” Ако зрело промислиме, тоа е единствено што сите можеме да го сториме. Никој не сака само предавања од теологија или покажување со прст кон личната моралност – сите сакаат објаснување што е тоа што го променило вашиот живот. Ако сте вистински христијани, ќе сведочите за она што Бог го сторил за вас. Бог го повикува секој човек, како и Самарјанката пред 2000 години: „А кој пие од водата што јас ќе му ја дадам, нема да ожедни довека; туку водата што ќе му ја дадам ќе биде во него извор на вода која тече во вечен живот“. На другите можеме да им сведочиме за вечниот живот само ако и самите сме пиеле од тој ист извор. Затоа Бог нѐ Повикува кај Него – единствениот и вистински извор на вечноста.

*Сабота, 2 ноември 2024*

Драги браќа и сестри, сакам ова утро да ве поздравам со преубавиот благослов од Светото Писмо -

*Да те осветли Господ со своето лице и да ти биде милостив!*

*Да го обрати Господ лицето свое кон тебе и да ти даде мир!*

Ставен во средиштето на прописите за Израел, овој благослов не зборува за светоста или за држењето на Законот, туку за милостивата благосостојба; тој требало да биде препознатливо обележје на Израелците (4. Мојсеева 6,26/б).

Псалм 67 е продолжување на тој благослов - „Боже, биди милостив кон нас и благослови нè; осветли нè со лицето Свое, за да се спознае на Земјата патот Твој, и меѓу сите народи спасението од Тебе. Да Те прославуваат народите, Боже, сите народи да Те прославуваат. Племињата нека се развеселат и нека се радуваат, зашто праведно им судиш на народите, и ги водиш народите на Земјата. Народите нека Те прославуваат, Боже, сите народи нека Те слават! Земјата го даде својот плод; Бог, нашиот Бог нè благослови. Да нè благослови Бог и сите земни краишта нека Го почитуваат".

Меѓутоа, наместо да го ограничи исклучиво на Израел, тој го повикува целиот свет да ја прифати Божјата наклоност. Кога сите народи ќе го слават Бога, земјата ќе ги даде своите плодови (6. стих).

Стариот завет, често погрешно, го сметаме за книга која се занимава само со Израелците и нивната положба што ја имаат како избран народ. Во целиот Стар завет присутна е пораката за Божјата љубов кон сите луѓе. Бог преку Аврам ветил дека ќе ги благослови „сите племиња на земјата" (1. Мојсеева 12,3). Овој факт посебно се истакнува во 67. Псалм.

Да се придружиме на молитвата на поетот целиот свет да дојде и да Го слави Бога!

*(изберете заедничка песна во слава на Бога)*

*Сабота, 9 ноември 2024*

Замислете дека сте биле во друштво на Израелците кога излегле од Египет. Бог ве избавил од тешко ропство и сега ве води во нова земја. Хвала и слава на Бога!

Меѓутоа, постои проблем: Пред вас е море, а фараонот ги испратил своите бојни коли да ве врати.

Бог го отворил патот низ морето. Сте стигнале на брегот и тогаш се вртите да видите како се затвора водата над вашите непријатели кои ве прогонуваат. Слободни сте!

Со векови подоцна народот сѐ уште зборувал за тој настан кај Црвеното Море. Во 68. псалм, псалмистот уште еднаш опишува како Бог го води својот народ, како постојано дејствувал во нивна полза и им испратил благослови за да имаат храна.

„Боже, кога Ти излегуваше пред Твојот народ, кога чекореше по пустината, земјата се тресеше и небесата истураа дожд пред Бога, Бог на Синај - пред Бога, Бог Израилев. Изобилен дожд изли Ти, Боже, врз Твоето наследство, и кога тоа изнемоштуваше, Ти го поткрепуваше. Стадата Твои живеат на неа; во Својата добрина, Боже, Ти се погрижи и за сиромасите“ (Псалм 68,9.10).

Ние денес му служиме на истиот Бог и Тој постојано дејствува во нашата полза. Нему ништо не му е тешко, па можеме да го следиме знаејќи дека Тој ќе се погрижи за сите наши потреби, како што го направил тоа за својот народ во далечното минато.

*Сабота, 16 ноември 2024*

Џемс Монтгомери во април 1822 г. зборувал на една методистичка конференција. Имал намера да заврши со песна која штотуку ја напишал, а била заснована на 72. псалм. Среде неговите зборови исчезнала светлината. Сите се вознемириле. На тоа проповедникот објавил: „Во нас сѐ уште има светлина!“ Немирот стивнал и Монтгомери продолжил да зборува.

Овој настан го прикажува нашето време. Чувствувате ли понекогаш дека ве обзема страв поради „темнината“ во современата култура? Денеска изгледа дека многу христијани се повеќе обземени со страв отколку со вера. Смирете се! Сѐ уште има светлина. Бог сѐ уште живее во нашето срце и неговата светлина блеска за мноштвото кое опипува низ мракот. Бог сѐ уште цврсто држи сѐ во свои раце.

Денес мора да ја објавиме оваа вест на надеж и победа. Да му дадеме завет на Бога дека ќе бидеме негова светлина. Да ги послушаме зборовите на пророкот Исаија кои и нас денеска нѐ повикуваат да бидеме светлина.

**„Дигни се, заблескај Ерусалиме, зашто дојде твојата светлина, и славата Господова изгреа над тебе. И народите ќе дојдат кон твоето видело, царевите - кон светлината што изгрева над тебе. Од мал народ ќе се намножат илјади, од најслабиот - силен народ. Јас, Господ, ќе побрзам да го завршам тоа навреме“ (Исаија 60,1-3.22).**

*Сабота, 23 ноември 2024*

Живееме во време на постмодернизам и релативизам. Она што се става апсолутно под знак прашање за многумина дури и не е ни важно. Вистината за мнозина е релативна категорија. Иако тоа претставува знак за близината на Господовото доаѓање, проблемот сепак не е нов. Уште во свое време Пилат го поставил познатото прашање, забележано во Јован 18,38: „Што е вистина?“

Чудно е што го прашал токму Исуса Христа, кој е извор на сета вистина. Во мигот кога се соочуваме со последните денови од светската историја, со помош на Светиот Дух да го дознаеме одговорот на тоа прашање; и не само да знаеме што е вистината, туку да го познаваме и Исуса Христа, својот Господ. Тој рекол: „Јас сум патот, вистината и животот; и никој нема да дојде кај Отецот освен преку мене“ (Јован 14,6).

Бог ја повикал нашата Црква да ја објавува таа драгоцена вистина. Нам ни е речено дека во „посебна смисла адвентистите на сед-

миот ден се поставени во светот како стражари и носители на светлината. Ним им е доверена последната опомена за светот што пропаѓа. Нив ги осветлила прекрасна светлина од страниците на Божјата реч. На нив им е доверено делото со најсвечена природа – објавување на првата, втората и третата ангелска порака. Ниту едно друго дело не е поважно од тоа. Тие не смеат да дозволат нешто друго да го обземе нивното внимание“ (ЕГВ, 9Т 19).

Со помош на Божјата благодат, ние сами треба да стекнеме целосно разбирање на веста на вистината која ни е доверена да ја објавуваме во светот. Треба да го запознаеме Исуса Христа, кој е Вистината. Тој сам рекол: **„И ќе ја познаете вистина и вистината ќе ве избави“ (Јован 8,32).** Каква ли предност да се познава Господ, да ја познаваме Вистината и да го чекаме Второто доаѓање на нашиот прекрасен Пријател и Спасител, Исус Христос, кој нѐ соединува во сведочењето за вистината!

*Сабота, 30 ноември 2024*

Пред да се принесе себеси како жртва за луѓето, Исус му се молел на својот Татко: Да ги отвориме нашите Библии и да прочитаме **Јован 17,20.21 - „за да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил. И славата што си Ми ја дал, ним им ја дадов, за да бидат едно, како што сме Ние едно“.**

Бог имал намера да ја обнови заедницата меѓу себе и своите созданија. Павле пишува: „Зашто Тој е нашиот мир, Кој од двата народи направи еден и ја разруши преградата што беше меѓу нив, откако со телото Свое го уништи непријателството, а законот на заповедите и одредбите го обессили, за да создаде во Себе од двата еден нов човек, воспоставувајќи мир“ (Ефесјаните 2,14-15.) Христос сака да ги урне човечките пречки кои нѐ одвојуваат од Него и едни од други.

На денот Педесетница, кога го проповедал евангелието, исчезнале сите јазични пречки и на луѓето им било овозможено да слуш-

нат и да разберат (Дела 2,7-11). Во домот на Корнелиј, Петар ја сфатил Божјата намера да ги отстрани расните и општествените бариери: „Навистина гледам дека Бог не гледа кој е кој, туку мил му е секој народ што се бои од него и ја твори правдата“ (Дела 10,34.35). И конечно, Павле нагласува: „сите, што сте крстени во Христа, во Христа се облековте. Нема веќе ни Јудејци, ни Елини, ни роб, ни слободен; нема машко - женско; зашто сите вие сте едно во Христос Исус“ (Галатјаните 3,27.28).

Единството меѓу верниците е најголем доказ за преобразувачката сила на Исусовата вистина. Единството на Божјиот народ му покажува на светот дека Исусовата служба е навистина од Бога (Јован 17,21).

За време на своето второ доаѓање, Исус сака да го најде неговиот народ соединет и полн со љубов, кој ја објавува неговата вистина на целиот свет и го завршил делото кое му било доверено.

Моја молитва е тогаш и нам да ни бидат упатени Неговите зборови: „Добро слуго добар и верен... влези во радоста на својот Господар!“ (Матеј 25,21)

*Сабота, 7 декември 2024*

Во една од нашите цркви едноставната стаклена врата ја одвојувала богослужбената просторија од претсобјето. Некој верник, не го видел стаклото кое го одвојувало од просторијата во која сакал да влезе, удрил во него и ситните делчиња на стаклената преграда се распрснале на сите страни.

Животот би бил многу поедноставен кога сѐ би било онака како што изгледа. Она што го гледаме често не ја одразува стварноста, скриените фактори ги одредуваат настаните и однесувањето. Како тогаш да ги препознаеме подлабоките димензии на животот?

Животот е борба меѓу доброто и злото, постојана тема на безбројни филмови и видеа, кои индустријата за забава ги вади на пазарот. Ние можеме да сонуваме за живот каков што сакаме да

си овозможиме себеси, за своето семејство, за заедницата, но често остануваме беспомошни пред навалата на злото. Тоа ги раскинува врските на заедништвото, сее недоверба, го уништува мирот, нанесува болка, тага и смрт; нè држи во постојана состојба на страдање и грев.

Како да пронајдеме излез од таа положба? Одговорот се наоѓа во Павловите зборови: **„Речта на вистината, евангелието за вашето спасение“ (Ефесјаните 1,13).**

Евангелието ја опишува трајната борба, борбата меѓу Бога и еден непријател на кого Библијата му дава многу имиња, на пример: сатана, змија, ѕвер, бог на овој свет. Бидејќи го поттикнуваат завист и горделивост, основна цел на сатаната е да го заземе Божјото место.

Намера на непријателот е јасно покажана во извештајот за Исусовото крштавање во пустината: сатаната сака да го обожваме него наместо Бога (Матеј 4,8-10). Тој го обвинува Бога дека не е достоен за доверба и го одрекува Божјето право на општо обожавање. Ја става под сомневање божествената вистина, ја напаѓа неговата Реч, неговиот народ. Книгата на Елена Вајт, *Големата борба,* дава историски преглед за тоа како нападите на сатаната што ги насочува кон Бога и Неговата вистина, влијаеле на историјата на човечкиот род, но и на Христовата црква.

Токму поради тој судир, животот нè става пред избор – дали ќе живееме за Бога или за неговиот непријател. Бидејќи адвентистите се определиле за Бога, ги соединува познавањето на Божјата вистина. Ние не се трудиме само да ја запознаеме Божјата вистина, туку и да растеме во познавањето на вистината. И ние денес овде се собравме затоа што нè поврзува познавањето на Божјата вистина и сакаме да растеме во неа. Затоа, да го искористиме секој момент на овој свет ден подобро да ја запознаеме и да Го прославиме Оној што ни ја дал оваа вистина.

*Сабота, 14 декември 2024*

Еден ден Исус одел на границата меѓу Јудеја и Самарија. „Кога влегуваше во едно село, Го сретнаа десет лепрозни луѓе и застанаа подалеку, па со силен глас повикаа: 'Исусе Учителе, смилувај ни се!' Штом ги виде, им рече: 'Отидете и покажете им се на свештениците!' И тие, уште додека одеа, се очистија. А еден од нив, кога виде дека е излекуван, се врати и Го прослави Бога гласно; и падна ничкум пред нозете Негови, благодарејќи Му. А тој беше Самарјанин. Исус, пак, одговори и рече: 'Зар не се очистија десетмина? Каде се другите девет? Зарем не се најдоа да се вратат и другите и да Му воздадат слава на Бога, туку само овој туѓинец?'" (Лука 17,12-18)

Важно е да забележиме дека сите десет губавци викале, пекале и го молеле Исуса да им помогне. На границите на незнабожечките земји, оваа мешовидна група прогонета од општеството, го стигнала Исуса и го молела да ги излечи. Исус одговорил на нивната молба и им го вратил здравјето. Но, Библијата кажува дека само „еден од нив" се вратил „славејќи го Бога гласно".

Уште една важна поука во оваа приказна е дека само еден губавец „виде" дека се излечил. Сигурно дека другите не можеле да не го видат чудесниот начин на кој губата го напуштила нивното тело. Морале да видат. Зборот кој се користи во овој извештај значи многу повеќе од обично посматрање, тој значи забележување. Речта кажува дека еден губавец го разбрал значењето на чудото. Кога губавецот согледал што му се случило, неговото срце се исполнило со благодарност. Останатите девет можеби виделе, но не размислувале доволно долго за чудото. Еден од губавците лично се вратил и му заблагодарил на својот Лекар, прославувајќи го гласно и јасно. Значајното прашање што Исус го поставува, гласи: „Каде се другите деветмина?"

Елена Вајт, во *Копнежот на вековите* вели: „Тој ги дал сите небесни богатства да ги откупи, па сепак се рамнодушни кон неговата голема љубов " (стр. 293 оригинал). Можеби Спасителот и денеска го поставува истото прашање. Каде се верниците? Каде се луѓето

кои доаѓаат со срце полно со благодарност? Каде се луѓето кои се толку длабоко трогнати со Божјата милост на Голгота што единствена вредна тема на разговор им е откупувањето? Каде се оние чиишто животи биле променети со вистината на евангелието?

Дали сме јас и ти вакви верници? Дали сме дошле во Божјиот дом исполнети со благодарност? Ако е така, да запееме песна во слава на Бога, песна која доаѓа од длабочината на срцето кое сфаќа што Бог сторил за него.

*Сабота, 21 декември 2024*

Јероним, познатиот преведувач на Библијата, својата служба ја започнал во малиот град Витлеем, скоро четири века од времето во кое Исус одел на оваа земја и четиринаесет векови по раѓањето на царот Давид. На Јероним му биле потребни дваесет и три години за да го доврши својот превод на Библијата од грчки и еврејски на латински, остварувајќи го така сонот на „своите латински читатели да им го пренесе скриеното богатство". Неговиот превод, Вулгата, со векови бил ценет и употребуван како службен латински превод.

Јероним ја сакал целата Библија, но посебно уживал во Псалмите. Негов омилен текст бил Псалм 1,2: **„Туку му омилел законот Божји и за него размислува ден и ноќ"**. Јероним, како и псалмистот, знаел дека времето поминато со Божјата реч е клуч за радосно доживување.

Додека стоел на брегот на Јордан, подготвен израелскиот народ да го воведе во Ветената земја, Исус Навин добил слична порака: „Да не се одделува од устата твоја оваа книга на законот; туку поучувај се од неа дење и ноќе, за да разбереш како ќе го извршуваш сѐ она, што е напишано во неа; зашто тогаш ти ќе имаш успех во твоите патишта и умно ќе постапуваш" (Исус Навин 1,8).

Ако сакате да бидете среќни, ако навистина сакате да успеете, на прво место нека ви биде проучувањето на Божјата реч. Слично на читателите на Јероним, ќе заклучите дека Божјата реч е преполна

со скриено богатство кое очекува да биде откриено. Верувам дека и ова утро во рамките на Саботната школа ќе откриеме нови богатства на неговата Реч.

*Сабота, 28 декември 2024*

За царот Езекија и за жителите во Ерусалим изгледите биле мошне лоши. Северното израелско царство паднало пред асирското освојување и сега претставник на асирскиот цар стоел пред ерусалимските ѕидини, барајќи Езекија да се предаде. Со вера во Бога, Езекија го одбил барањето.

„Во чие име се крена против мене?“ му се потсмевал Асирецот. „Но празни се зборовите дека имаш совети и сила за војна“. Тогаш запрашал дали Езекија чека Египќаните да го спасат? Ако се потпира на Египет, го предупредил дека ќе доживее да се потпира на скршена трска која прободува и проникнува во дланката на оној што ќе се потпре на неа (2. Царевите 18,18–21). Потоа побарал народот да се предаде и му се заканил со опсада ако го одбие тоа барање. На крајот дури тврдел и дека е Божја волја да се предадат.

Меѓутоа, Езекија останал непоколеблив во својата вера. Наместо непосредно да одговори на асирските закани, тој се молел. Бог ветил избавување и следната ноќ 185-те илјади асирски војници умреле во сон. Преживеаните брзо се вратиле во своите домови.

Езекија во тешките моменти се однесувал слично на Давид. Можеби дури и го читал псалмот 56 за да се охрабри. На кого се потпирал Езекија? Не се потпирал на трска која може да се скрши, туку на Бога, кој сигурно ќе го води.

Оваа посебна сабота дојдовме во Божјиот дом со благодарност за Неговата грижа и водство во претходното тримесечје и со молитва да нè води во времето што е пред нас. Иднината е неизвесна, но додека денес го обновуваме заветот со Господа, ние потврдуваме дека се потпираме на Него.

**Градиво за саботна школа**

**Уводни стихови**
4/2024

Излегува тримесечно:

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**За интерна употреба**